## МОРТАЛИТЕТ ОД МАЛИГНИ НЕОПЛАЗМИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Малигните неоплазми се меѓу најчестите причини за смрт во светот. Во Р. Македонија после болестите на циркулаторниот систем, малигните неоплазми се втората најчеста причина за смрт. Во периодот 2010-2024 година стапката на морталитет се движи од 180,3 на 100000 население во 2010 година до 217,0%000 во 2024 година.

**Дијаграм 1: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С.Македонија, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

Стапката на морталитет од малигни неоплазми кај мажите е повисока во однос на жените.

**Дијаграм 2: Стапка на морталитет од малигни неоплазми по пол во Р. Македонија, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

## Морталитет од малигни неоплазми на возраст над 65 години

Во периодот 2010-2024 година стапката на морталитет од малигни неоплазми на возраст над 65 години осцилира и се движи од 881,1 во 2010 година до 821,3 во 2024 година на 100000 население.

**Дијаграм 3: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р. Македонија на возраст над 65 години, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

Стапката на морталитет од малигни неоплазми во возрасната група над 65 години е повисока кај машката поулација.

**Дијаграм 4: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р. Македонија на возраст над 65 години по пол, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

## Морталитет од малигни неоплазми на возраст 0 - 64 години

Стапката на морталитет од малигни неоплазми во возрасната група од 0-64 години е значително пониска од стапката на морталитет на возраст над 65 години.

**Дијаграм 5: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р. Македонија на возраст 0 - 64 години, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

И во возрасната група 0-64 години морталитетот е повисок кај мажите во однос на жените.

**Дијаграм 6: Стапка на морталитет од малигни неоплазми во Р.С. Македонија на возраст 0 - 64 години по пол, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

## Најчести примарни локализации на малигни неоплазми

Кај мажите, најчеста причина за смрт од малигни неоплазми, во периодот 2010-2024 година, е малигната неоплазма на бронх и бел дроб со стапка на морталитет која се движи од 64,8 во 2010 година до 58,2 во 2017 година, 56,1 во 2021 година, 68,3 во 2023 година и 71,3 на 100000 мажи во 2024 година.

**Дијаграм 7: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на бронх и бел дроб кај мажи во Р. Македонија, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*

Кај жените најчеста причина за смрт од малигни неоплазми во периодот 2010-2024 година е малигната неоплазма на дојка. Стапката на морталитет се движи од 30,0 во 2010 година, 32,6 во 2021 година, 38,5 во 2022 година и 39,4 на 100000 жени во 2024 година.

**Дијаграм 8: Стапка на морталитет од малигна неоплазма на дојка кај жени во Р. Македонија, 2010 - 2024 година**




*Извор: Државен завод за статистика на РМ*
*Обработка: Институт за јавно здравје на РМ*